Почитувани,
Јас, Коста Начевски – кандидат за градоначалник на општина Бутел од Коалицијата „Сојуз за иднината„ немам дилеми за тоа каква треба да биде нашата општина, нашето заедничко место за живеење, нашиот заеднички дом.
Ние сме за Бутел во кој граѓаните ќе живеат поудобно и поекономично – затоа прва и основна задача ќе биде гасификација на општината. Тоа значи дека сметките за електрична енергија ќе бидат помали, нашите домови потопли и посветли, а воздухот почист.
Бутел ќе се вклучи во европската визија за еколошка иднина на нашите деца. Ќе поставиме колекторски систем по течението на реката Серава, ќе изградиме „зелени“ патеки за рекреација, паркови и хортикултурно уредени места за игра, спорт и дружење на граѓаните од сите возрасти.
Во Бутел ќе биде целосно изграден нов училишен објект на основното училиште „Живко Брајковски“, ќе биде реконструиран училишниот објект во населбата Визбегово, а основна задача ќе биде одржување и реновирање на другите училишни објекти и детски градинки.
Бутел ќе биде општина во која ќе бидат задоволени европските здравствени стандарди. Затоа изградбата на нов здравствен дом ќе претставува еден од најважните приоритети на новата локална власт.
Граѓаните на Бутел ќе имаат чиста вода за пиење, атмосферска и фекална канализација, покриени зелени пазари, асфалтирани и сигурни патишта.
Бутел забрзано ќе бележи економски и стопански раст, општина – магнет за вистински инвестиции. А со вложувањата и развојот на индустриските зони и инфраструктурната мрежа, ќе се отворат нови работни места. Бутел ќе стане општина во која граѓаните нема повеќе да се плашат и да се грижат за својата егзистенција.
Затоа време е за работа, време е за промена! Време е Бутел да стане дел од европска Македонија!

# Инфраструктура

## Енергија

- Гасификација

*Проблем:*
Приоритетна потреба на граѓаните на општината Бутел е спроведување на проект за гасификација на општината. Спроведување на ваков проект е од неодложна важност и за граѓаните и за индустриските капацитети, главно, во сегментот на приватното стопанисување. Доводот на поевтини реагенси ќе придонесе кон помало оптоварување на буџетот и на домаќинствата и на стопанскиот сектор и ќе се создадат предуслови за проширување на постоечките капацитети како и за нови инвестиции, а тоа значи и нови работни места. Досегашната општинска власт сосема ги занемари потребите на граѓаните и стопанските субјекти за гасификација.

*Решение:*
Гасификацијата на општината Бутел е проект од витално значење за граѓаните на општина Бутел. Со поставување на гасоводната мрежа граѓаните би го решиле проблемот со затоплување на своите домови, а би се намалило и оптоварувањето на електричната мрежа што е еден од најзагрижувачките проблеми во општината.
Во текот на првите две години на мандатот (2013 – 2015) согласно законот за јавно приватно партнерство, ќе биде изработен детален проект и експертиза за гасификација на општината Бутел. Ќе биде формирано работно тело кое ќе биде задолжено за следење и спроведување на проектот за гасификација.
Во вториот дел од мандатот ќе отпочне спроведувањето на магистралната гасификациска мрежа. Во првата фаза на гасификацијата, приоритет ќе имаат индустриските зони, градинките и училиштата. Во втората фаза, гасификациската мрежа ќе ги зафати и домаќинствата во општина Бутел.

- Греење

*Проблем:*

Граѓаните на општината Бутел, особено во населбите Бутел 2 и Скопје Север, имаат реални проблеми со затоплување на своите домови. Ситуацијата особено ескалираше по проблемите со топланата во Скопје Север и енормните зголемувања на сметките за парногреење од една, а од друга страна домовите останаа незатоплени и ладни.

*Решение:*

Освен решавање на проблемот на државно ниво, во решавање на проблемот со парното греење ќе се вклучи и локалната власт во општина Бутел. Во 2013 година, откако ќе се изработи стручна анализа, ќе се помине на реализација на можностите и придобивките од приклучување на домаќинствата на таканареченото „поевтино и потопло парногреење од Железара". Станува збор за можностите од искористување на топлотна енергија во индустрискиот капацитет Железара која се ослободува како вишок во текот на индустрискиот процес и истиот треба и ќе биде прилагоден на потребите на граѓаните.
Жителите на општина Бутел би можеле да ги користат придобивките од поевтино парно греење со инсталирање на мрежа на веќе постојната (базичната) во населбата Железара, најпрво во поблиските населби Бутел 2 и Скопје Север. Во втората фаза, откако би се испитал капацитетот за затоплување на емитираната енергија, ќе се дадат проценки кои делови од општината би се приклучиле на еден ваков систем кој би овозможил поевтина алтернатива во затоплувањето на домовите на граѓаните

- Осветлување

*Проблем:*
Во многу делови од општината граѓаните се жалат дека улиците и влезовите на зградите се неосветлени. Ваквата состојба придонесува за зголемување на бројот на кражби и создавање несигурност кај граѓаните.

*Решение:*
Потребно е посеопфатна анализа за решавање на проблемот со јавното осветлување. Ќе понудиме алтернативни начини за решавање на овој проблем, односно искористување и на други извори на светлосна енергија освен употреба на електричната енергија за оваа цел.
Во првата фаза ќе изработиме посебен проект за енергетска ефикасност во кој ќе биде втемелена и можноста за користење на сончевата енергија како извор на светлина со што ќе се намалат трошоците и на граѓаните и на општината и ќе се намали оптоварувањето на електричната мрежа.
Во втората фаза, откако ќе биде изработена анализа, ќе поставиме дополнителни улични светилки кои ја искористуваат сончевата енергија.



# Водовод и канализација

*Проблем:*

И во 21 век, граѓаните на општината Бутел кубурат со снабдување чиста вода за пиење и хигиена. Она што беше започнато и изградено на централно ниво за време на владата на СДСМ останува недовршено заради незаинтересираноста на локалната власт од што најголеми жртви се жителите на општината во овие населени места. Недозволиво е граѓаните на Кучевишка бара, делови од населбата Радишани и Бел Камен да немаат вода за пиење, со што тие се приморани да се снабдуваат со вода од бунари која не е технички исправна и претставува опасност за нивното здравје.

*Решение:*

Потребно е целосно заокружување на инфраструктурниот проект за изградба на атмосферска канализација.

Во 2013 година ќе бидат обезбедени средства за целосна изградба и поврзување на канализационата мрежа почнувајќи од населбата Радишани.

Ќе се изготви сериозен проект за целосно решавање на проблемот со атмосферската канализација во населбата Радишани и целосно ќе се поврзе водоводната мрежа од руралните делови со централната.



*Проблем:*
Проблемот со регулација на коритото на реката Серава ги мачи граѓаните на општина Бутел со децении. Наместо да се понуди и да се реализира решение за атмосферската канализација, реката Серава претставува синоним за депонија и дива фекална канализација. Водостојот и текот на реката се изместени заради натрупаниот смет.
*Решение:*
Со уредување на коритото на реката Серава, целосно изведување на атмосферска канализација од десната и левата страна, и изградба на трим патеки добивката за жителите на општината Бутел ќе биде двојна. Проектот ќе се потпира врз еколошки принципи и решенија. Реализацијата на проектот ќе се одвива во неколку фази:
- Прва фаза: темелно чистење на коритото на реката
- Втора фаза: решавање на проблемот со диво приклучените фекални канализации и поставување на колекторски систем
-Трета фаза: хортикултурно уредување на левиот и десниот брег на реката и изградба на трим-патеки од с.Радишани до Бутел 1 во согласност со постоечките урбанистички решенија.

*Проблем:*
Изградбата на атмосферска или фекална канализација дел по дел, не е решение за актуелниот проблем. Овој проблем веќе една деценија ги мачи граѓаните на општина Бутел, особено во горната и долната зона од десната страна на река Серава, во населба Радишани и дел од с. Радишани.
*Решение:*
Во првата фаза, до средината на 2014 година, потребно е изготвување на сериозен проект за целосно решавање на проблемот со атмосферската канализација во населбата Радишани, а во втората фаза, до 2016 година, ќе следи реализација на изготвениот проект.

*Проблем:*
Се уште не е довршена изградбата на водоводот и инсталирањето на филтер-станица во селото Љуботен што претставува долгогодишен проблем на повеќе од 2 400 жители на општината Бутел за снабдување со здрава и чиста вода за пиење.
Решение:
Интерниот водовод би црпел вода од изворот Бошинец на Скопска Црна Гора и преку водоводна мрежа од 16 километри би вршел водоснабдување на жителите на село Љуботен. Горната зона би требало да содржи резервоар со капацитет од 120 кубици во првата фаза. Во втората фаза би било потребно да се изгради уште еден резервоар со ист капацитет. Континуирани зафати од првиот ден на преземањето на локалната власт.

## Урбанизам

- Реновирање на фасади

*Проблем:*
Постоечките азбестни покриви на објектите во општината Бутел, според проценките на Европската комисија за здравство, претставуваат потенцијална опасност за здравјето на жителите на општината. Иако повеќепати беше најавувано дека локалната власт ќе овозможи и ќе учествува во менување на азбестните плочи, тоа досега не се направи.
*Решение:*
Менувањето на азбестните покриви ќе се реализира во неколку фази.
Во првата фаза ќе се направи преглед и ќе се изврши селекција според површината на покривната конструкција, според видот на објектот итн. на јавните установи во општината Бутел (училишта, детски градинки) кои имаат вакви покриви.
Во втората фаза ќе се направат проценки за можностите за замена на азбестните покриви и на други објекти на територијата на општина Бутел.
Во 2014-2015, приоритет ќе имаат јавните објекти кои служат за престој на најмладите и учениците.

## Сообраќај

- Изградба, пробивање и асфалтирање на улици

*Проблем:*
Патната инфраструктура во општина Бутел не вклучува планско планирање и изведување. Проблемот со зголемениот број на возила претставува реалност во општината Бутел. Локалната власт не презема чекори за растоварување на сообраќајот на главните сообраќајници во општината.
*Решение:*
Со изградбата на патна инфраструктура Бутел II -Лозарство Бутел -Љуботенски пат ќе се обезбеди растоварување на сообраќајниот тек на главните сообраќајници во општината. Овој зафат ќе овозможи ширење на периферната градска патна инфраструктура.
Во првата фаза ќе се изработи детална анализа која подразбира планско и домаќинско изведување на проектот.

## Пазари

*Проблем:*
Во населбите Радишани, Бутел 2 и Скопје Север, граѓаните немаат можност да се снабдат со свежи намирници. Во овие населби нема пазари. Единствениот пазар се наоѓа во населбата Бутел 1, па граѓаните од Радишани, на пример, или од другите делови на општината треба да се изложат на дополнителни патни трошоци за да се снабдат со потребните производи.
*Решение:*
Ќе ги задоволиме потребите на граѓаните и ќе изградиме урбани пазари во населбите Радишани, Бутел 2 и Скопје Север.

# Инвестиции и економски развој

## Капитални

*Проблем:*
Иако околу 700 ученици посетуваат настава во монтажниот училиштен објект „Живко Брајковски“ во населбата Бутел 1 , условите за престој и работа во него се на границата на невозможното. Објектот е изграден за време на земјотресот. Иако досега неколкупати беше најавувано дека ќе започне изградба на нова училишна зграда, градоначалникот и локалната власт не ги исполнија своите ветувања. Заради ваквата состојба на училишниот објект, многу родители своите деца ги запишуваат во другите основни училишта во градот, подалеку од местото на живеење, со што се изложуваат на непотребни трошоци и зголемени обврски и за учениците и за своите семејства.
*Решение:*
Изградбата на нова училишна зграда за ОУ „Живко Брајковски“ ќе биде еден од приоритетите на Коалицијата „Сојуз за иднината„. Новиот објект ќе овозможи подостоинствени услови за посетување и следење на настава за над 700 ученици од населбата Бутел 1.
Ќе се настојува сите подготвителни работи навреме да бидат извршени, а изградбата да биде изведена во пократок временски период и најверојатно, за време на летниот распуст кога не се посетува настава.

*Проблем:*

Во општината Бутел сè поизразен е проблемот со капацитетот на постоечките детски градинки. Проблемот е загрижувачки во населбата Бутел 1, село Бутел и Радишани. Родителите се жалат дека капацитетите на постоечките детски градинки се предвреме пополнети и дека немаат каде да ги згрижат децата во предучилишниот период.

*Решение:*

Во првата фаза решение би претставувало обновувањето на градинката која се наоѓа во дворот на ОУ „Климент Охридски“. Овој објект би покривал дел од потребите на жителите и во населбите Љуботенски пат и Свети Наум.

Во втората фаза ќе настојуваме да се создадат услови за изградба на детски градинки во населбите Радишани, Скопје Север и Визбегово.

Недостатокот на градинки на територијата на општина Бутел би се надминувал и со јавно-приватно партнерство, иницирано и поддржано од новата општинска власт.

*Проблем:*

Во општината Бутел нема пензионерски дом ниту друг објект од ваков вид кој би овозможил дружење, рекреација и комуникација помеѓу повозрасните жители на општината.

*Решение:*

Почетната идеја е, во првата фаза, да се почне со изградба на централен пензионерски дом во општината Бутел, а потоа, во втората фаза, под покровителство на новата општинска власт, да се отворат пензионерски клубови во повеќе населени места во рамки на општината.

СОЈУЗ ЗА ИДНИНАТА

*Проблем:*
Првиот најблизок противпожарен пункт за општина Бутел се наоѓа во полициската станица Бит-пазар. Оваа оддалеченост не ги задоволува потребите на граѓаните од општината Бутел. Поради тоа што општината вклучува и рурални населби и шумски пространства, опасноста од пожари е голема.
*Решение:*
Анкетите и мислењата на граѓаните покажаа дека општината Бутел има потреба од изградба на противпожарен пункт каде што ќе бидат присутни дежурни пожарникари. Се обврзуваме да обезбедиме таков пункт.
Во првата фаза ќе биде изработена стручна студија во која ќе биде одбрана локација за таканаречениот регионален противпожарен пункт. Тој треба да обезбеди навремени и брзи интервенции во критичните ситуации.
Во втората фаза ќе започне изградбата на пунктот и неговото опремување.

## Економски развој
*Проблем:*
Инфраструктурните проблеми во индустриската зона Визбегово – Стенковец го отежнуваат развојот и инвестирањето во отворање на нови работни места и развојот на постоечките индустриски и стопански капацитети.
*Решение:*
Решавање на инфраструктурните проблеми на индустриската зона подразбира обновување и изградба на локалните патишта, канализација, водовод, дополнително електрично напојување во индустриската зона ВИЗБЕГОВО. Ова подразбира и анализа на постоечкиот детален урбанистички план во оваа индустриска зона, така што новото планирање целосно ќе биде изготвено и ставено во функција на потребите и барањата на стопанствениците и жителите во оваа зона и во општината Бутел.
Планираме вложувањето во решавање на инфраструктурните проблеми да биде направено со залагање на локалната власт, а не како досега да биде препуштено на самофинансирање и оптоварување на буџетот на приватните фирми кои гравитираат во овој дел.
Придобивките од овие усилби на локалната власт ќе бидат подобрување на бизнис-климата и отворање нови работни места за кои приоритет ќе имаат жителите на општина Бутел.

# Подобри услуги за граѓаните

## Администрација

*Проблем:*

Контактот меѓу општинската администрација и граѓаните во општина Бутел целосно е занемарен. Граѓанскиот фактор речиси воопшто не учествува во работата на локалната власт. Граѓаните немаат ниту модул ниту можност за искажување на своите потреби, идеи, ставови и мислења.

*Решение:*

Систематизирање и реекипирање на општинската администрација и службите во локалната управа

Ќе се воведат неколку нови сектори преку кои граѓаните ќе имаат можност директно да се вклучат во работата на локалната власт и тоа:

1.СОС телефонски број (бесплатен), наменет за посебни категории на граѓани: социјални случаи, стари и изнемоштени лица и сл.

2.Бизнис-сектор – секторот ќе работи во служба на фирмите кои гравитираат на територијата на општина Бутел и ќе стои на располагање за решавање на административни проблеми од различен тип

3.Сектор 24 – итно решавање на проблеми од приоритет за граѓаните

4.Сектор катастар – теренска анализа на проблеми од катастарска природа

Јавен превоз

*Проблем:*

Граѓаните на општината Бутел имаат реален проблем со недостаток на автобуски линии кои ја поврзуваат општината и нејзините населени места со другите делови на градот Скопје. Особено критични се релациите од Визбегово, Кучевишка бара, село Љубанци кои во попладневните и вечерните часови речиси воопшто немаат комуникација со урбаните делови на општината Бутел и градот Скопје.

*Решение:*

Ќе склучиме договори со ЈСП за обезбедување на уште една автобуска линија.

Ќе ја разгледаме можноста и ќе настојуваме да се воведат приватни автобуски линии.

Ќе настојуваме за воведување на минибуси кои ќе ги поврзуваат руралните

населби во општината со нејзините урбани делови и централните делови на градот Скопје.

# Квалитетен живот

## Образование

*Проблем:*

Во Визбегово, веднаш до новоотвореното спортско игралиште лоцирана е старата зграда на основното училиште, клон на ОУ „Климент Охридски“ од општина Бутел. Станува збор за руиниран објект со искршени врати и прозорци наместа заградени со решетки. Внатрешноста на објектот е уште позапуштена. Нема услови за изведување на настава. Поради лошата состојба на училишниот објект, визбеговци своите деца ги носат во училиштата во градот што претставува дополнителен трошок и обврска за семејствата.

*Решение:*

Населбата Визбегово сѐ повеќе прераснува во урбанизирана населба. На ова населено место му треба и инфраструктура и ново училиште. Реконструкција на постоечкиот објект со поправка на водоводната инсталација и тоалетите ќе овозможи обезбедување на квалитетна настава за околу 150 ученици од Визбегово од прво до четврто одделение. Адаптирањето на постоечкиот објект ќе им овозможи на децата да учат во нивната средина и ќе ги намали трошоците и обврските на семејствата со секојдневни патувања до други училишта.

## Спорт

*Проблем:*
Во општината Бутел нема ниту еден спортски клуб во кој младите членуваат и можат да спортуваат и да се рекреираат. За спортскиот живот на младите во општината никој не се грижи и покрај тоа што во дворот на училиштето „Живко Брајковски“ е изградена затворена спортска сала, која се издава под концесија. Истото се случува и со другите игралишта од отворен тип. Граѓаните се жалат дека цената за користење на постоечките спортски објекти ги надминува нивните можности.
*Решение:*
Во првата фаза, во склоп на општинската администрација, ќе се формира Сектор за млади и спорт. Истиот ќе биде задолжен, неселективно, да води сметка за создавање на услови за развивање на спортскиот живот, особено на младите во општината. Граѓаните ќе можат во одредени часови бесплатно да ги користат спортските објекти за спортување и рекреација. Ќе се промовираат спортски активности и ќе се организираат спортски настани.
Во втората фаза ќе се изработи анализа и нацрт-план за спонзорирање на спортска екипа што ќе придонесе младите генерации да се воспитуваат во спортски дух, ќе другаруваат и ќе навиваат за својот локален клуб.

## Култура

*Проблем:*
Локалитетот кај Римскиот аквадукт е од витално значење не само за македонската туку и за светската култура. Но да се дојде до овој локалитет претставува вистинска авантура, затоа што инфраструктурното поврзување со урбаниот дел не е соодветно. Аквадуктот е препуштен на заботот на времето и на негрижата на државата. Овој објект служи како градежен материјал и тоне во мочуриштето кое сè повеќе му се заканува да го „проголта“. Аквадуктот последен пат бил третиран по Скопскиот земјотрес ‘63-та - кога се поправени три свода и два столба кои паднале од земјотресот.

*Решение:*
Во првата фаза, ќе се разрешат имотно-правните проблеми на овој локалитет и ќе се овозможи инфраструктурно поврзување со Аквадуктот, директно до Словенечка улица, како и поставување табли, написи и патокази како да се дојде до археолошкиот локалитет.
Во втората фаза, ќе исчисти локалитетот од нафрланиот смет и ќа се направи дренажа на теренот што ќе биде лесно заради близината на реката Серава. Со ова ќе се спречи уривањето на неколкуте столба на Аквадуктот кои веќе се нагризени од влагата.

Во третата фаза да се уреди локалитетот и да се предвидат содржини за заживување на истиот: хортикултурно уредување на површините (парк), отворање на кафулиња, чешми со вода, фонтани.
Финансиските средства по фази можат да се обезбедат и со распишување на меѓународни тендери, да се аплицира за европски фондови или да се бараат донации.
Овој локалитет доколку се преуреди и осмисли може да претставува туристичка атракција од која профит ќе има општината Бутел и нејзините граѓани. Истовремено, граѓаните на општина Бутел ќе добијат поголем локалитет на кој ќе можат да се рекреираат.

*Проблем:*
Граѓаните на општина Бутел не можат да си ги остварат своите права во областа на културното живеење. Општината Бутел, иако е скопска општина, се вбројува во мал број на општини на територијата на Македонија кои не располагаат со Дом на културата.
*Решение:*
Ќе изградбиме Дом на културата во кој граѓаните на општина Бутел ќе можат да учествуваат, да следат или да бидат дел од културно-уметнички манифестации.

# „МОЕТО МААЛО“

## „Цветан Димов“ (населба Скопје север)

Ќе се асфалтира и целосно ќе се постави улично осветлување на улицата „Боро Менков“.
Ќе се реновираат покривите на зградите кои се дотраени и прокапуваат, и за оваа цел општината ќе оствари соработка и договор со граѓаните.
На улицата „Босна и Херцеговина“ ќе се постави улично и квалитетно осветлување и хортикултурно ќе биде уредена.
Улицата „2 Македонска бригада“ ќе биде реконструирана и ќе бидат направени тротоари.
Ќе се реши проблемот со канализацијата на улицата „Ѓоце Стојчевски“, а патеките ќе бидат реконструирани со павер-елементи.
После 20 години целосно ќе биде асфалтирана улицата „Лазо Москов“, а кај зградите 2 и 4 ќе се преземе озеленување на површините.
Кај зградите на улицата „Костурска“ ќе биде направено кошаркарско игралиште од отворен тип за рекреација и спорт на младите.
Ќе биде целосно асфалтирана улицата „Тале Христов“.
Ќе биде обновена фасадата на кулата на улицата „Тале Христов“.
Ќе биде хортикултурно среден и озеленет просторот околу градинката.
Ќе се уредат и ќе се прошират паркинг-просторите пред зградите 1, 2, 3, 4 и 5 на улицата „Боро Менков“.
Ќе биде хортикултурно уреден парк за деца со лулашки и други рекреативни реквизити на површините кај улицата „Босна и Херцеговина“, т.е. во дворот на старата општина.
Ќе биде уреден парк за деца со лулашки кај улицата „2 Македонска бригада“.
Кај зградите 1 и 2 на улицата „Ѓоце Стојчевски“ ќе биде уредено детско игралиште.
На улицата „Костурска“ кај зградите 1,2,3 и 4 ќе биде уредено детско игралиште со лулашки, а за одржување на хигиената на игралиштата и во парковите ќе бидат ангажирани редари.

# „Ферид Бајрам“ (населба Бутел 2)

Ќе се асфалтира улицата „Александар Турунџев“ и ќе се направат тротоари.
Целосно ќе се санира улицата „Алпи“ и ќе се направат тротоарите.
Ќе се озеленат површините околу зградите на улица „Никола Петров“, хортикултурно ќе се уредат влезовите на зградите и ќе се уреди игралиште за деца со лулашки и други реквизити за рекреација.
На улицата „Христијан Тодоровски – Карпош“ во улицата кај двоспратните згради, ќе се заменат пукнатите цевки од канализационата мрежа заради што постојано на влезот во улицата се собира вода.
Целосно ќе се санира улицата „Алекса Дундиќ“ и ќе се направат тротоари.
Целосно ќе се реконструира и ќе се асфалтира улицата „Рокомија“ и ќе се направат тротоарите.
Ќе се подобри уличното осветлување на улицата „Љуба Ивановиќ“.
Ќе се санира улицата „Ферид Бајрам“ и ќе се уредат тротоарите.
Хортикултурно ќе се уреди аголот меѓу улиците „Ферид Бајрам“ и „Рокомија“, спроти училиштето „Панајот Гиновски“, и на истиот агол ќе се уреди мини детско игралиште со лулашки.
На почетните растојанија меѓу улиците „Мара Меѓдуречка“ и „Алпи“ има парцели кои ќе бидат хортикултурно уредени и ќе прераснат во паркови со катчиња уредени во детски игралишта.
На аголот меѓу вториот крак на улицата „Александар Турунџев“ и „Босна и Херцеговина“ парцелите ќе бидат озеленети и уредени во паркчиња со справи за вежбање.
Делот од десната страна на улицата „Алпи“ ќе биде преуреден во парк, а на дел ќе биде направено комбинирано отворено спортско-детско игралиште.
Целосно ќе биде осветлена улицата „Никола Петров“.
Хортикултурно ќе се преуреди просторот на ридот, зад двоспратните згради на улицата „Христијан Тодоровски Карпош“ со тенденција да се уреди во паркче.
Ќе се реши проблемот со осветлувањето на улицата „Алекса Дундиќ“.

## „Живко Брајковски“

Ќе се реши проблемот со уличното осветлување во споредните улички на улицата „Хо Ши Мин“ на потегот од кружниот тек кај Солопром до монтажниот објект на амбулантата.
На левата страна од улицата „Бетовенова“, кај зградите 10 и 12, слободното земјиште ќе се преуреди во рекреативно (детско) игралиште.
Целосно ќе се санира улицата „Петар Манџуков“ и помалите споредни улички и ќе се направат тротоари.
Ќе се реши проблемот со канализацијата по улицата „Петар Манџуков“ на потегот од број 16 Б до бр. 32.
Ќе се решат проблемите со канализационата мрежа и собирањето на вода на улицата „Хо Ши Мин“, бр. 90 до бр.92.
Ќе се реши проблемот со проблематичните локации на трафостаниците на ЕВН помеѓу дрвја кои претставуваат закана по сигурноста на граѓаните на улицата „Хо Ши Мин“ од бр.140 до бр.90.
Ќе се исчисти и ќе се реконструира канализацијата на улицата „Натанаил Кучевишки“ согласно петицијата потпишана од граѓаните кои живеат на оваа улица.
Ќе се реши проблемот со уличното осветлување на улицата „Александар Бујнов“.
Ќе се решат проблемите со одржување на комуналната хигиена на улицата „Лазо Дренков“.
Целосно ќе се санира улицата „Душко Поповиќ“.
Ќе се санираа улицата „Томе Пуре“ и ќе се направат тротоари.
Делови од лозарството непосредно покрај улицата „Хо Ши Мин“ на потегот од отпадот до улицата „Натанаил Кучевишки“ хортикултурно ќе се преуредат во комплекс со парк, шеталиште, зелена површина, место за рекреација и детско игралиште.
Ќе се изврши озеленување на просторот околу и помеѓу зградите 10 и 12 на улицата „Бетовенова“.
Ќе се реши проблемот со уличното осветлување по целата должина на улицата „Петар Манџуков“.
Делот од лозарството близу до улицата „Хо Ши Мин“ на потегот од улицата „Натанаил Кучевишки“ до „Рудо“ ќе се преуреди во рекреативен комплекс со шеталиште и парк.

# „Бутел“

Ќе се санира улицата „Галичник“.
Ќе се реши проблемот со собирање на отпадот на улицата „Галичник“.
Ќе се реши проблемот со отпадот кај трафостаницата и ќе се асфалтира овој делот на улицата „Марко Крале“.
Пред зградите во улицата „1119“ ќе се поставaт три клупи.
Просторот пред влезот на зградата 2 на улицата „1119“ потполно ќе биде осветлен.
Просторот околу и пред зградите на улица „1119“ хортикултурно ќе се уреди.
За поголема безбедност во сообраќајот, на улицата „1119“ ќе се постават т.н. „лежечки полицајци“.
Ќе се асфалтира улицата „Љубо Петровиќ“.
Ќе се реши проблемот со осветлувањето на улицата „Љубо Петровиќ“.
За поголема безбедност во сообраќајот, на улицата „Бутелска“ ќе се постави сообраќајна сигнализација.
На завршетокот на улицата „Марко Крале“, зад куќите, дел од лозарството ќе се искористи за изградба на отворено спортско игралиште.
Ќе се реши проблемот со уличното осветлување по целата должина на улицата „Марко Крале“.
Ќе се реконструираат оштетените делови на атмосферската канализациона мрежа на улицата „Марко Крале“.
За поголема безбедност во сообраќајот ќе се постави сообраќајна сигнализација на улицата „Марко Крале“.
Спроти некогашното ракометно игралиште, аголот на улицата „Бутелска“ хортикултурно ќе се уреди и ќе се постават клупи.

## „Радишани“

Ќе се реконструира, ќе се асфалтира раскопаната улица „Скоевска“, ќе се направат тротоари на улицата и истовремено ќе се решат проблемите со атмосферската канализација со чистење на постојните и поставување на нови шахти.
Целосно ќе се осветли со улични светилки улицата „Скоевска“, како и влезот пред спортската сала.
Улицата кај третиот влез, која моментално е потполно раскопана, целосно ќе се реконструира и асфалтира.
Во зима ќе се обезбеди редовно чистење на трите влеза во населбата Радишани од наноси на снег и мраз.
Кај зградите 21, 23 и 25, на улицата „Радишанска“ ќе се уреди отворено игралиште за кошарка во комбинација со детско игралиште со лулашки.
Пред зградите на улица „Радишанска“ ќе се постават клупи.
Ќе се асфалтира улицата „Ѓоре Ѓоревски“ и ќе се направат тротоари.
Ќе се реши проблемот со слаботоулично осветлување на улицата „Ѓоре Ѓоревски“.
Во близина на улицата „АФЖ“ ќе се уреди паркче со игралиште за деца со лулашки.
Ќе се санираат дупките на улицата „АФЖ“ и ќе се асфалтира.
Ќе се санираат дупките и раскопаните делови на улицата „Боро Кралевски“ и ќе се асфалтира.
Хортикултурно ќе се уреди просторот околу зградите на улица „Боро Кралевски“.
Ќе се санираат дупките, ќе се реконструира и ќе се асфалтира улицата „Петко Јанчевски“.
Ќе се асфалтира улицата „Симче Настевски“.
Ќе се реконструира и санира улицата „Киро Димишков“.

## „село Радишани“

Ќе се реши проблемот со уличното осветлување после 21.00 часот на улицата 18.
Ќе се санираат дупките на улицата „28“ и ќе се асфалтира.
Ќе се уреди детско игралиште со лулашки на простор на улица „28“.
Ќе се реши проблемот со одржување на хигиената на улицата „36“.
Ќе се направи монтажно мостче преку реката Серава кај улицата „20“.
Ќе се направи монтажно мостче преку реката Серава за поврзување на селото Радишани и населбата Радишани кај ул „22“.
Ќе се реши проблемот на уличното осветлување со поставување светилки на улицата „18“.
Ќе се санираат дупките на улицата „36“ и ќе се асфалтира.
Ќе се направи отворено кошаркарско игралиште на ул. „36“.
Ќе се изврши озеленување на површините на улица „18“ и ќе се постават клупи.

## „Кучевишка бара“

Решавање на дводеценискиот проблем со водоводот и фекалната канализација.
Директно залагање Кучевишка Бара комплетно да припадне под ингеренции на општината Бутел.
На улицата „Призренска“ ќе се уреди простор за детско игралиште и парк.
Ќе се реши проблемот со одржување на хигиената, чистење и метење, на улицата „Мрежичка“.
На просторот, крај улицата „Мрежичка“ ќе се уреди парк и игралиште за деца.
Ќе се асфалтираат сите споредни улички.
Изградба на отворен терен за спортување.

## „Св. Наум“

Ќе се санираат дотраените дрвени бандери.
Ќе се санираат и уредат неасфалтираните делови на споредните улички според потребите на граѓаните.
Ќе се реши проблемот со уличното осветлување.
Ќе се изврши озеленување и хортикултурно уредување на одредени парцели.
Ќе се уреди детско игралиште со лулашки.
Ќе изградими бесплатен спортски комплекс со трибини.
Ќе изградиме мини трговски центар на потегот св.Наум - Љуботенски пат.